**ТВИНИНГ ПРОЕКТ**
**МК 24 ИПА АГ 01 24**

***Зајакнување на националниот фитосанитарен систем***

Проектот **„Зајакнување на националниот фитосанитарен систем“** е твининг иницијатива што нуди концепт со крајна цел заштита на здравјето на луѓето, животните и растенијата, како и заштита на животната средина преку унапредување на националните капацитети за спроведување на фитосанитарните политики и законодавство во строга усогласеност со *acquis* на Европската Унија (ЕУ).

Примарната цел е да се зголеми квалитетот и безбедноста на домашното производство и потрошувачка на растенија и растителни производи, а воедно да се олесни извозот на меѓународните пазари. До крајот на проектот, националниот фитосанитарен систем треба да биде способен правилно да спроведува политики што ги исполнуваат стандардите на ЕУ, отворајќи го патот за конечно пристапување во ЕУ.

Проектот е структуриран во четири главни компоненти за да се одговори на сложените регулаторни и институционални потреби на фитосанитарниот сектор:

<u>Политичка и правна рамка</u>: Се фокусира на понатамошно усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ во врска со здравјето на растенијата, семенскиот и другиот растителен репродуктивен материјал, усогласување на правната рамка што ги регулира фитофармацевтските производи, но и подобрување на капацитетите на надлежните органи.

<u>Имплементација на правната рамка</u>: Има за цел да го спроведе законодавството во пракса, особено фокусирајќи се на одржливата употреба на фитофармацевтски производи и следењето и управувањето со популациите на економски штетни организми. Еден од приоритетите на проектот е промоцијата и унапредувањето на интегрираното управување со штетници (*IPM*), што вклучува воспоставување на постојана национална мрежа и поттикнување на употреба на нехемиски методи за заштита на растенијата. За да се постигне ова, проектот ќе обезбеди техничка помош и насоки за земјоделците, користејќи алатки како што се агрометеоролошките и фитосанитарни билтени за да се поддржи правилната примена на принципите на интегрираното управување со штетници и да се обезбеди намалување на употребата на пестициди на еколошки и економски одржливи нивоа.

<u>Официјални контроли и истражувања</u>: Се стреми да ги зајакне официјалните контроли и

официјалните активности, вклучувајќи ги и процедурите за инспекциски надзор и развојот на 7-годишна програма за истражување за да се обезбеди навремено откривање на штетници.

Аналитички и дијагностички капацитети: Се концентрира на подобрување на лабораториските техники и зајакнување на капацитетот на лабораторискиот персонал во области како што се здравјето на растенијата, пестицидите и квалитетот на семето.

Директен корисник на проектот е Фитосанитарна управа при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ).

Во изминатиот период, преку активностите на проектот, постигнат е значителен напредок во зајакнувањето на националниот систем за заштита на растенијата и усогласувањето на законодавството со правото на Европската Унија. Развиена и ажурирана е клучната фитосанитарна законска рамка, која ги опфаќа фитофармацијата, одржливата употреба на производите за заштита на растенијата, семенскиот и растителниот репродуктивен материјал, како и постапките за фитосанитарни инспекции, со што е воспоставена покохерентна и усогласена регулаторна рамка.
Воедно, значително се зајакнати оперативните капацитети преку воведување на стандардизирани процедури, прирачници и стандардни оперативни постапки за инспекциски надзори, увозни контроли, калибрација на прскалки и управување со високоризични растенија и регулирани стоки. Со тоа е подобрена ефикасноста и доследноста на официјалните контроли во производството и трговијата со растителни производи.

Проектот е финансиран од Европската унија – во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА 2024), се спроведува со партнери од Италија (водечки партнер), Грција и Хрватска и е со времетраењето од 30 месеци почнувајќи од 1 јули 2025 година.

Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство